# Староперсиско (клинесто) писмо

**Староперсискиот јазик** спаѓа во ИЕ група на јазици во индоиранското семејство, односно во иранската гранка на јазици. Тој се говорел уште од подемот на Првото Персиско Царство под водство на ахајменидската кралска династија, околу VI век пр. н.е. Кралот Дариј наредува да се воведе клинесто писмо како знаковен јазик за испишување на староперсиски текстови. Персијците, иако биле под влијание на Старите Сумери и Акадјани, сепак не ги прифатиле знаците од нивното клинесто писмо, туку создале нови. Во следниот пример можете да исчитате една реченица од автентичен староперсиски текст. Забележете ги знаците во облик на клинци. За секој знак има по еден слог (или глас). **Затоа староперсиското писмо спаѓа во фонетско-слоговни писма**.




**Клинестиот староперсиски текст се чита вака:**
**адам Дарајавауш хшајатхија вазарка (Јас сум Дариј, најголемиот крал)**

 **(да – а – ра – ја – ва – у – ша) = Дариј**

 **(ха – ша – а – ја – тха – и – ја) = најголем**

 **(ва – за – ра – ка) = крал**

*Примерите се преземени од изводокот на Prods Oktor Skjærvø, An Introduction to Old Persian, 2005, стр. 19*
*(веб-страница: http://www.fas.harvard.edu/~iranian/OldPersian/OPers2_Lessons01_7.pdf)*

Mythos е под заштита на Creative Commons.
Сопственост на Ненад Начковски.